**ЗАПИСНИК**
**од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 19.07.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Алма Машовиќ (годишен одмор).

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, Весна Симоновска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека г-ѓа Машовиќ се наоѓа на годишен одмор во странство и нема можност да се приклучи на седницата бидејќи како што најавила има многу слаба интернет конекција.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за" го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 11.07.2023 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 11.07.2023 година.
3. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување за ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар.
4. Предлог за усвојување обрасци на барање на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за телевизиско и за радио емитување.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.

6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
7. Предлог за покренување прекршочна постапка против операторот ТОТАЛ ТВ од Скопје за прекршување на член 143 од ЗААВМУ.
8. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки.
9. Разно.

Г-дин Петрушевски најави дека под Точка Разно ќе даде свое изјаснување во врска со анонимните закани што ги прими директорот на Агенцијата поради одбиено барање за одземање дозвола на ТВ Алсат М.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од прво продолжение на 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 11.07.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 11.07.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување за ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар. Објасни дека на радиодифузерот му е издадена фактура со 25% попуст согласно Одлуката за доделување финансиска помош (донација) за радиодифузерите во 2022 година која ја донесе Советот, но во законски предвидениот рок не го плати надоместокот. Наведе дека износот кој треба да го уплати е релативно низок, односно станува збор за 21.020,00 денари. Од таа причина се предлага да се покрене постапка за одземање на дозволата за радио емитување.

Г-дин Петрушевски рече дека износот е навистина мал и ова на некој начин е показател за лошата финансиска состојба на малите медиуми. Наведе дека Советот на Агенцијата е обврзан да постапи доколку е прекршен Законот, но се надева дека радиодифузерот ќе изнајде начин во следните дополнителни 15 дена да го плати годишниот надоместок.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување за ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, бр.08-437 од 15.08.2016 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ“ бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-2864/1 од 17.07.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување за ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, бр.08-437 од 15.08.2016 година.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече да се информира радиодифузерот за покренување на постапката и за крајниот рок до кога треба да го уплати надоместокот, затоа е навистина штета за износ од 21.020,00 денари да ја загуби дозволата за работа.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за усвојување Обрасци на барање на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за телевизиско и за радио емитување. Објасни дека согласно член 67 ставови 6 и 7 од ЗААВМУ радиодифузерите се должни да спроведат најмалку 80% од програмскиот концепт за кој што му е издадена дозволата. Во случај да сакаат промена или дополнување на програмскиот концепт повеќе од 20% радиодифузерот треба да добие претходна согласност од АВМУ, односно согласност од Советот. Оваа одредба од Законот е од почетокот на неговото донесување и досега немало барања од страна на радиодифузерите за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт. Но, сепак за да може да се спроведе оваа законска можност неопходно е Советот да ги донесе обрасците на кои што радиодифузерите би ги поднеле соодветните барања за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за телевизиско и за радио емитување. Во таа насока се предлага да се усвојат предложените обрасци од страна на Советот.

Советот на Агенцијата едногласно ги усвои обрасците на барање на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за телевизиско и за радио емитување, со текст како што беа предложени.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведените обрасци да ги објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 5 и 6**

Г-дин Петрушевски предложи за наведените точки да има еден заеднички вовед и дискусија затоа што станува збор за ист медиум кој прекршил 2 члена од Законот, а

потоа за секоја мерка јавна опомена да се гласа посебно. Советот го прифати предлогот.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска ги образложи Предлозите за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ и прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека двете прекршувања се констатирани со редовен надзор кој беше спроведен во јуни месец. Станува збор за прекршување на така наречени административни обврски и на двата Закони. *Во врска со Точка 5* објасни дека станува збор за прекршување на обврската на радиодифузерот да најмалку еднаш во денот ги обезбеди информациите кои што треба да им ги направи достапни на корисниците односно да овозможи лесен, директен и постојан пристап најмалку до следните податоци: полното име на давателот на аудио медиумската услуга, адресата на седиштето на давателот на аудио медиумската услуга, податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата, одговорното лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело. Сето ова радиодифузерот не го направи во анализираниот ден. *Во врска со Точка 6* објасни дека станува збор за прекршување на обврската да обезбеди импресум на емитуваните содржини. Од таа причина се предлага изрекување на мерка јавна опомена со рок на усогласување од 20 дена, а потоа да се изврши контролен надзор за да се провери дали радиодифузерот се усогласил со Законот. Објасни дека ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип достави изјаснување кое е составен дел на материјалите. За прекршувањето на член 51 од ЗААВМУ потенцирал дека станува збор за софтверска, техничка грешка и дека тоа е веќе отстрането од нивна страна, а во однос на прекршувањето на член 14 од Законот за медиуми посочуваат дека е настанат превид од страна на водителот на емисијата да ги наведе потребните информации на почетокот или на крајот од емитуваната содржина.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-2549/1 од 20.06.2023 година и едногласно заклучи на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 2 јуни 2023 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 6*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-2548/1 од 20.06.2023 година и едногласно заклучи на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми затоа на 2 јуни 2023 година, во емисијата „Празнично со Ангела“, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Точка 7

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување прекршочна постапка против операторот ТОТАЛ ТВ од Скопје за прекршување на член 143 од ЗААВМУ. Објасни дека операторите на јавни електронски комуникациски мрежи имаат законска обврска задолжително да ги реемитуваат програмските сервиси на јавниот сервис, но овој оператор подолг временски период го реемитува само првиот програмски сервис „МРТ1“ додека останатите „МРТ 2“, „МРТ 3“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“ не ги реемитува. Ова прекршување се констатира втор пат оваа година и затоа се предлага согласно Законот да се поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.11-2839/1 од 14.07.2023 година на Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, и утврди прекршување на член 143 став 3 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2“, „МРТ 3“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“ што е спротивно на член 143 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

**Точка 8**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување на Одлука за набавка на услуга со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки. Објасни дека во 2015 година Советот има донесено Одлука за набавка на два кафемати за кои што има потреба тековно да се одржуваат. Наведе дека овој договор се склучува секоја година, а во рамките на материјалите доставена е на увид Предлог-одлуката со која се предлага да се прифати понудата на фирмата ФРИГОТЕРМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје чии вкупен износ изнесува 56.661,00 денари без ДДВ, што значи дека се вклопува во лимитот под 1000 евра во денарска противвредност односно проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки. Информира дека во оваа цена покрај услугата за одржување, се доставува и 53 кг. кафе еспресо кое што ќе се користи за наведените кафемати.

Г-дин Трајчев рече иако Советот само дава одобрување за потреба од набавка и износот, но принципиелно наведе дека би било подобро за набавките да се добијат повеќе понуди од една за да се утврди која е најсоодветната цена за избор. Иако Советот не навлегува во избор на понудувач и како ќе се склучи договорот, сепак забележал дека е доставена само една понуда, според него би требало да има минимум три понуди. Иако износот е низок, сепак принципиелно станува збор за трошење на државни средства.

Раководителката Митревска објасни дека досегашната пракса на Агенцијата е да има минимум три понуди, но овој пат од надлежниот сектор добила известување дека успеале да добијат само една понуда и од таа причина е доставена само една понуда. Посочи дека и покрај тоа што има една понуда, тоа не преставува пречка од аспект на Законот за јавни набавки да се пристапи кон реализација на набавката.

Г-дин Петрушевски рече дека идеално би било да имаше три понуди, но сепак оваа не е спротивно на Законот и ќе даде поддршка.

Г-дин Фиданоски се изјасни дека ќе даде поддршка. Рече дека се согласува со дискусијата на г-дин Трајчев во врска со трите понуди но за него е валидно и образложението од раководителката Митревска.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука за набавка на услугата – одржување на кафематите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки, која нема да надмине износ од 60.960,00 денари со вклучен ДДВ, за период од една година.

За реализирање на горенаведената услуга средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 9**

**Разно**

Г-дин Петрушевски рече дека ги остро ги осудува заканите упатени кон директорот на Агенцијата, г-дин Зоран Трајчевски од анонимно лице. Наведе дека тоа

не е начин на комуникација, затоа што треба да се комуницира со аргументи. Не мора да се согласуваат другите со Советот, но да се упатуваат закани е сосема неприфатливи, посебно лично испраќани на мобилен телефон и анонимни. Се надева дека полицијата во скоро време ќе го разреши случајот и ќе го најдат анонимното лице. Посочи дека овој немил настан повеќе не е актуелен во медиумите, траеше кратко од еден ден, но сигурен е дека на никој не му било пријатно, ниту на директорот, ниту на членовите на Советот и не посакува никој во иднина да добива пораки со заканувачка содржина бидејќи, тоа за него е сосема неприфатливо.

Г-дин Ајдини рече дека му дава целосна поддршка на директорот Трајчевски за неговата работа во Агенцијата. Жал му е што целиот товар падна врз него, иако Советот беше тој што донесе Одлука да не му се одземе дозволата, односно да се отфрли анонимното Барање за иницијатива за одземање на дозволата на ТВ Алсат. Жали што се уште постојат луѓе што мислат дека со закани и заплашувања ќе ги постигнат своите цели. Објасни дека и покрај сè Советот и во иднина ќе продолжи да работи согласно начелата од Законот.

Г-дин Фиданоски ги осуди анонимните закани упатени кон директорот Трајчевски. Наведе дека заканата кон директорот ја сфаќа и како директна закана до Советот и кон Агенцијата како институција. Како членови на Советот често пати имале различни мислења по одредени прашања кои биле на дневен ред на седница, можеби некогаш и пожестока дебата, но никогаш не биле предмет на притисок и закани за да се плашат за сопствениот живот или за животот на своите најблиски. Од тие причини остро го осуди таквиот чин. Верува дека органите на прогонот успешно ќе ја завршат работата и дека ќе биде пронајден анонимниот испраќач на закани.

Г-дин Трајчев рече дека не бил информиран за инцидентот и сега дознал за што станува збор. Како што разбрал постоела закана упатена кон директорот на Агенцијата која остро ја осудува и му дава целосна поддршка на г-дин Трајчевски. Наведе дека живееме во демократска држава каде што владее системот на правото, а вакви начини на комуникација се недозволиви и неприфатливи. Се надева дека органите соодветно ќе постапат и ќе ги преземат соодветните мерки за разрешување на случајот.

Бр. 02-2865/8

21-07-2023 година

С к о п ј е

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ